# З А П И С Н И К

Од тринаесеттата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 20.09.2022 година, (вторник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:** 12 советници.

**Отсатни:** Адем Јетмир Јашари, Синиша Јованоски и Мирослав Даиловски.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од XII седница на Советот на општина Брвеница.
2.Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за вршење на комунални работи.
3.Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката за дополнување на статутот на ОЈП “Вардар” Брвеница.
4 Предлог-Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Брвеница
5.Предлог-Одлука за промена на корисник на броила од име на општина Брвеница на име на иститувциите корисници .
6.Разгледување и усвојување на годишната програма за работа на Јавната општинска Установа за деца –детска градинка СОНЦЕ Диели –с. Брвеница
7.Барање од ЕКО-Ливинг ДОЕЛ Чегране за корекција и дополнување на ценовникот за услугите за собирање и транспортирање на комунален отпад.
8.Барање за ослободување од приклучок од такса за вода и од такса за фекалана канализација.

Претседателот на Советот праша дали има некој да се јави за збор за изменување и дополнување на дневниот ред и кажа, поради објективни причини е задоцнета седницата, имавме состанок на комисиите кои подолго траеја. Пред да почне седницата имам барање, 7-та точка „Барање од ЕКО-Ливинг ДОЕЛ Чегране за корекција и дополнување на ценовникот за услугите за собирање и транспортирање на комунален отпад„ ќе биде префрлена во друга седница заради консултации со граѓаните. Претседателот на Советот предлогот го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен, воедно ве известувам дека имаме уште три дополнителни точки и тоа:

1.Информација за проектот партерно уредување на центарот на општина Брвеница,
2.Одлука за покривање на долгот за електрична енергија на ОЈП „Вардар„ Брвеница,
3.Барање од Јована Богданоска.
4.Барање за одобрување на финансиски средства како финансиска помош за подршка на спортските клубови ФК „Руфеа„ – Милетино, ФК „Беса„ –Челопек и ФК „Вардар„ с.Брвеница.
5.Барање од наставници вработени во училиштето во с.Гургурница.

Претседателот на Советот праша дали има уште некој предлог за дополнување на дневниот ред.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, спортските клубови до сега не се натпреваруваа но оваа година ќе се натпреваруваат Руфеа и Беса. Ние како општина да можеме да ги помогнеме финансиски. Затоа го замолувам Претседателот ова да биде како дополнителна точка „Финансиски средстава како финансиска помош за пддршка„. Исто така и едно барање од наставниците во

училиштето во Гургурница кои работат во истото а живеат во други населени места за дел од трошоците да ги покрие општината, ова за наставниците е само како информација меѓутоа да се стави како дополнителна точка.

Претседателот на Советот дополнителните точки една по една ги стави на гласање и сите беа едногласно прифатени од страна на присутните 12 советници.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот, дневниот ред со точката која се повлече од истиот и со дополнителните точки, го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните 12 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„Разгледување и усвојување на записникот од дванаесеттата седница на Советот на општина Брвеница„** Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали некој има забелешка на записниците за дванаесеттата седница на Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„Записник од дванаесеттата седница на Советот на општина Брвеница„** , го стави на гласање и истиот беше едногласно усвоен од присутните 12 советници.

**II**

По однос втораа точка на дневен ред, **„Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за вршење на комунални работи„** Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Алихасан Идризи кој во отсуство на Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи ја водел седницата.

Алихасан Идризи кажа, ние точката на комисијата ја разгледавме, ја дискутиравме и ја усвоивме.

Претседателот на Советот му даде збор на предлагачот Секретарот на општината.

Секретарот кажа, по однос на одлуката, кај основачкиот акт односно Статутот се зголемуваат надлежностите на ОЈП во членот 2 од Предлог Одлуката стои дека во членот 4 од ОЈП се надополнува со нови дејности (Секретарот ги читаше дејностите, постоечките и додадените). Ново настанатата состојба со кризата поврзана со електричната енергија во Македонија и во светот се најде за потребно ние да предвидиме дополнителни дејности и да поставиме фотоволтаици, од тие причини во основниот акт во ОЈП да се зголемат дејностите се со цел ОЈП и општината да заштедат средства со цел квалитетен сервис на услугите на граѓаните исто така и префрлање на јавното осветлување заедно со комуналната такса.

Дополнително што сакам да кажам, високата цена на струјата на слободниот пазар заклучно со крајот на месецот, со Јавен тендер цената беше 32 денари, во постапка сме на раскинување на тој договор поради зголемување на сметките и побарувања од страна на операторот кој ни продава струја, поради тоа потешкотиите за сервисирање односно високите сметки најдовме за сходно а во согласност со Одлуката за сите оние мали претпријатија со под 50 вработени и со приход под 2 милиони приход имаат регулирана цена на струја, од тие причини со раскинување на договорот со компанијата која што не снабдува со струја по автоматизам ЕВН Хом не презема и сите оние мали претпријатија ги става на оваа цена што е регулирана, мисла дека 14 денари беше скапата а 11 ефтината струја со тоа што ние даваме основ на ОЈП сите броила што ги има во рамките на самото претпријатие и Јавното осветлување да се префрли со комуналната такса, да го сервисира односно да го работи ОЈП. Со таа намера и цел се додава дополнителна надлежност на самото претпријатие.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за вршење на комунални работи„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 12 советници.

**III**

По однос третата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката за дополнување на статутот на ОЈП "Вардар" Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Времената комисија.

Претседателот на Времената комисија кажа, пред се да спаменам дека оваа точка ја оставивме да ја дискутираме овде, заеднички да ја поминеме точката, бидејќи времената комисија функционира како комисија а треба како Управен одбор, би ги замолил членовите на комисијата да ја гласаат оваа точка и да помине истата. Би ги замолил членовите на Времената комисија на 5 минути да се состанеме и да се договориме.

Претседателот на Советот кажа, со не избирање на Управниот одбор ви продолжува мандатот како Времена комисија. Овде е присутен претставникот од општината и тој ќе ви образложи по однос точката.

Секретарот на општината кажа, и пред комисијата во детали беше договорено, Времената комисија поставуваше прашања, она што е важно во делот на менување на Статутот на ОЈП што се однесува до комуналните работи исто и јавното осветлувањето, таму се опфатени дејностите, дел од комуналната такса одеше на општина Брвеница а сега ја префрламе на ОЈП поради високите сметки над 2 милиони денари, што значи дека цената која беше постигната на тендерот беше 32 денара, меѓутоа и на операторот не му се исплати бидејќи многу повеќе се тргуваше изминатиот период, истата таа во краен случај доколку помине после раскинувањето на договорот ќе биде зголемена освен берзанската, ќе биде зголемена 50% со измената 20%. Ќе биде дополнителен товар и трошок на ЈП да ги сервисира пумпите за вода меѓутоа со раскинувањето на договорот со операторот а согласно одлуката на комисијата од 1-ви јули на регулиран пазар се сите мали претпријатија со буџет под 2 милиони евра и имаат под 50 вработени, што значи по раскинувањето на 1-ви октомври ЕВН Хом не презема и наплаќа сметки по регулирана цена 14 денари скапа а 11 денари ефтина. Она што се случува во општината бидејќи заради квалитетот и заради цената ги префрламе сите броила односно целото Јавно претпријатие со комуналната такса да го сервисира односно да го работи ОЈП. Со таа намера и цел се додава дополнителна надлежност на ОЈП со една и единствена намера да стопанисува со Јавното осветлување.

Од правната служба зеде збор и кажа, вие како Времена комисија донесувате одлуки, Статутот и и имате уште надлежности, оставате да одлучува Советот, Советот дава само согласност на Одлуките а Времената комисија донесува Одлуки.

Претседателот на Времената комисија кажа, тоа е и целата работа, ние оставаме тука да одлучи Времената комисија во полн состав а таму немавме време, сега ќе бараме 5 минути пауза за да може Времената комисија да се состане на кратко и да одлучи. Само да додадам дека ние не можеме да носиме одлуки како Управен одбор бидејќи ние сме Времена комисија, неможе утре ние да носиме одлуки големи и да одговараме за тоа.

Секретарот на општината кажа се работи за дополнување на Статутот на ОЈП, (чита каде се врши дополнување).

Пет минути пауза.

Претседателот на времената комисија после паузата зеде збор и кажа, согласно ситуацијата да се излезе во пресрет на енергетската криза во интерес на сите граѓани го замолувам Градоначалникот, Секретарот да се формира Управен одбор.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за давање на согласност на Одлуката за дополнување на статутот на ОЈП "Вардар" Брвеница„ , ја стави на гласање и истата беше прифатена со 12 ЗА од присутни 12 советници.

**IV**

По однос на четвртата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Брвеница,, Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, и во Комисијата за урбанизам беше многу јасен Секретарот во врска со цените, сепак точката ја префрливме за на Совет.

Претседателот на Советот збор му даде на Секретарот на општината.

Секретарот кажа, мрежата за уличното осветлување до сега беше обврска на општината, комплетно со комуналната такса го пренесуваме на ОЈП и согласно членовите со кои е уредено освен заштедата на електричната енергија ОЈП по квалитетно ќе се грижи за сервисирање на граѓаните.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 12 советници.

**V**

По однос петтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за промена на корисник на броила од име на општина Брвеница на име на иституциите корисници „ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, и оваа точка исто така беше објаснета на комисијата, се дискутираше и исто како и претходната точка беше пренесена на Совет, сега би го замолил Секретарот на општината да објасни кои броила ќе се префрлат на ОЈП.

Претседателот на Советот збор му даде на Секретарот на општината.

Секретарот на општината кажа, во врска со оваа точка некои од броилата кои биле на име на општината се префрлуваат на вистинските носители, исклучок се неколку мерни места како ОУ „Коста Рацин,, а сите други каде што е јавното осветлување , 7-ми Марси - Долни Челопек, Гоце Делчев, салата на Советот каде има 4 канцеларии ОЈП и оваа зграда како и градинката за која досега се фактурираше на име на општината, преминуваат на самите институции. Додека спортското игралиште, тука сега поставивме ново броило сега го поставивме ќе се формираат спортски клубови и друг вид правни субјекти кои ќе бидат вистинските носители, во меѓу време и стадионот ќе остане на општина Брвеница.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за промена на корисник на броила од име на општина Брвеница на име на иституциите корисници,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 12 присутни советници.

**VI**

По однос шестата точка на дневниот ред „Разгледување и усвојување на годишната програма за работа на Јавната општинска Установа за деца –детска градинка СОНЦЕ Диели –с. Брвеница,, Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на претставникот од градинката.

Претставникот од градинката кажа, јас како секретар на градинката денес сум и како претставник и ќе објаснам по однос Прорамата за работа на градинката. Поради обврски, директорката не можеше да присуствува на оваа седница. Значи, согласно Законот за заштита на деца програмата за работа треба да се донесе до 30.09.2022 година, истата се усвојува на Совет и по добиената согласност се доставува до комисијата за труд и социјална политика.

Понатака, претставникот од градинката образлагаше по однос програмата за работа.
Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Усвојување на годишната програма за работа на Јавната општинска Установа за деца –детска градинка СОНЦЕ Диели –с. Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 12 советници.

**VII**

По однос седмата точка на дневниот ред **„**Барање за ослободување од приклучок од такса за вода и од такса за фекалана канализација„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Времената комисија.

Претседателот на Времената комисија кажа, и оваа точка помина на Совет, односно истата ја усвоивме.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Ослободување од приклучок од такса за вода и од такса за фекалана канализација„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

**VIII**

По однос осмата точка од дневниот ред „За покривање за плаќање на доспеани обврски за електрична енергија на ОЈП„Вардар„ Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Секретарот на општината.

Секретарот на општината кажа, она што претходеше на оваа седница сега доаѓаме до обврската од страна на ОЈП бидејќи на ОЈП му е тешко да ги сервисира долговите, последните сметки се над два милиони денара а месечното прибирање прибирање на наплатата се движи меѓу 500 и 600 иљади денари па затоа очекувано е зголемување на цената на водата и поради оваа криза со електричната енергија тешко се сервисираат и сите услуги кои ги дава ОЈП. Од страна на Градоначалникот заедно со општинската администрација и да не се доведеме до ситуација да нема вода и граѓаните да бидат незадоволни, бидејќи пумпите се тие кои генерираат трошоци односно трошат електрична енергија. При правење анализа за начинот на кој ќе се сервисираат обврските на ОЈП ние затоа бараме од вас да донесете ваква одлука така што Градоначалникот и администрацијата ќе изнајдат на кој начин дали тоа ќе биде по најповолна понуда од некоја комерцијална банка, дали ќе биде преку помош на општината и наменски ќе бидат обезбедени овие средства меѓутоа не по секоја цена. Во фаза сме на подготовка на ребалансот на буџетот па доколку има средства а тоа ќе биде на сметка на капитални инвестиции, ќе пренасочиме средства за сервисирање на елементарните работи. Ако имаме поволна понуда од некоја од комерцијалните банки ќе одиме и со кредитирање, било која од овие варијанти да одлучиме законот дозволува помош, за која варијанта станува збор ќе знаеме на следната седница кога ќе биде ребалансот на Буџетот, износот е 6 милиони денари и тоа е како доспеана обврска за електрична енергија за ОЈП. За таа цел ве замолувам да донесеме ваква одлука.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Плаќање на доспеани обврски за електрична енергија на ОЈП„Вардар„ Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

**IX**

По однос деветтата точка од дневниот ред „Информација за проектот партерно уредување на центарот на општина Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на предлагачот на точката односно Секретарот на општината.

Секретарот кажа, претпоставувам дека сте запознати со оваа точка, едн дел од проектот е во завршна фаза а за останатиот дел парцелата е во сопственост на РМ меѓутоа корисник е АД „Вардар„ кое што не се согласува и не дозволува партерно да се уреди, мие немаме право на сила да го направиме тоа бидејќи тој е корисник на парцелата. За таа цел го информираме Советот дека тој проект тука завршува. Средствата кои се предвидени за вториот дел на проектот, средствата ќе бидат пренаменети за други инфраструктурни проекти.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Од правната служба праша, дали ќе биде само како информација и ќе остане записнички или ќе носите заклучок.

Претседателот на Советот кажа, бидејќи е само информација ќе остане записнички.

За збор се јави Злате Китановски и кажа, дали со корисникот на парцелата може да се најде некој начин, да се интервенира некако за да се уреди центарот на с.Брвеница,

Секретарот кажа, од страна на Градоначалникот, општинската администрација со месеци се убедувавме дека тоа е за општо добро и дури за добро на самиот корисник на концесијата дека ќе се уреди центарот меѓутоа корисничкото право ние не можеме да го дерогираме или прескокнеме. Немаме друга никаква можност за да продолжиме со проектот.

Од правната служба кажа, јас ќе ве прашам уште еднаш, доколку сакате да носите некој акт ќе гласате но доколку сакате да остане како заклучок по записник немора да гласате.

За збор се јави Светлана Стаматовска и кажа, доколку постои можност оваа точка да се префрли за наредната седница.

Претседателот на Советот кажа, ова е само како информација само за да знаеме каде се средствата бидејќи граѓаните утре ќе ни побараат каде се средствата, за да имаме еден затворен круг мораме тие средства да ги вратиме во Буџетот на општината, во меѓувреме ако се најде некој договор со дотичниот ние пак ќе ги инвестираме средствата за таа цел.

Секретарот кажа, од формален аспект проектот мора да има почеток и крај, си има рокови во кои истото треба да се заврши. Во еден период беше продолжен договорот се со цел да се уреди центарот но сите обиди беа безуспешни на конкретната парцела да добиеме согласност од страна на концесионерот. Од тие причини и самиот надзор кој што е надлежен за овој проект ќе го затвори истиот. Исцрпени се сите можности за убедување од наша страна за добивање на согласност, првиот дел на проектот за кој немаме формални причини завршува проектот.

Претседателот на Советот кажа, доколку се согласувате нека биде вака, Советот ја констатира информацијата и ја усвои, средствата предвидени од проектот за кој што нема согласност од страна на концесионерот за КП бр.217/1 ИЛ.128 на РСМ се пренаменува за други инфраструктурни проекти, доколку се создадат услови и има можност центарот на село Брвеница да се до уреди со други инфраструктурни проекти.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Информација за проектот партерно уредување на центарот на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата едногласно беше прифатена од присутните 12 советници.

**X**

По однос десеттата точка на дневниот ред **„**Барање за одобрување на финансиски средства како финансиска помош за подршка на спортските клубови ФК „Руфеа„ – Милетино, ФК „Беса„ –Челопек и ФК „Вардар„ с.Брвеница „ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на предлагачот на дополнителната точка.

Согласно предлогот на Абеб, спортските клубови ќе почнат да се натпреваруваат во третата западна лига после една долга пауза, за натпреварите да придонесеме и ние како Совет за да можат да ги реализираат тие активности. Бидејќи имаме и автобус и тој може да им се дава на користење за некој натпревар кој ќе се одвива, затоа мислам дека овој предлог од Абеб треба да го усвоиме и по можностите на општината да може да се реализира ова барање.

Секретарот на општината кажа, еден од поголемите приоритети на Градоначалникот е да заживеат спортските клубови , спортот и културата, по однос на спортот големи напори се дадоа за да се врати во функција фудбалското игралиште. Исто така и во другите населени места има спортски терени за кои има потреба да се интервенира. Како што кажа и Претседателот имаме автобус за учениците кој исто така може да го користат и спортските клубови. Се што е во наша можност Градоначалникот и општинската администрација ќе бидат подршка на овие спортски клубови, апел до сите вас да се анимирате што повеќе да се вклучи приватниот сектор, да најде интерес и да ги подржи спортските клубови.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„**Одобрување на финансиски средства како финансиска помош за подршка на спортските клубови ФК „Руфеа„ – Милетино, ФК „Беса„ –Челопек и ФК „Вардар„ с.Брвеница **„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

**XI**

По однос единаесеттата точка на дневниот ред **„**Барање на Јована Богданоска„ Претседателот на Советот ја прочита и кажа, се работи за една ученичка од музичкото училиште која бара помош од општината, до сега на секој сме му излегле во пресрет па барам и оваа барање да се прифати во рамките на можностите на општината

Претседателот на Советот отвори расправа.

Маја Зафироска зеде збор и кажа, јас лично ја познавам Јована Богдановска, навистина е нашиот бисер, би било убаво сите да и помогнеме.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„**Барање од Јована Богданоска**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

**XII**

По однос дванаесеттата точка на дневниот ред „Барање од наставници вработени во училиштето во с.Гургурница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, село Гургурница како што знаете е планинско населено место и таму има наставници кои патуваат од подалечните места и преку Абеб Нухии барале да им се помогне согласно можностите на општината за нивното патување од местото на живеење до Гургурница, доколку неможе целиот износ тогаш барем да се покријат дел од трошоците. Ја се консултирав со администрацијата во општината и добив информација дека наставниците треба да поднесат писмено барање преку нивните училишта до општината и за истото ќе добијат писмен одговор, значи да не го надминуваме законот, мора да се оди со писмено барање. Бидејќи нема барање нема да се гласа,

ова денес оди како информација а за една од наредната седници ќе се дискутира по поднесеното барање.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дванаесеттата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-2600/2**
**20.09.2022 год.**
**Брвеница**